**ООУ „Д-Р ТРИФУН ПАНОВСКИ“ - БИТОЛА**

# САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

за период 2021 - 2023




**БИТОЛА 2023**

**Содржина**

1. Вовед
2. Лична карта на училиштето
3. Работни тимови по подрачја
4. Анализа од извршената самоевалуација на училиштето
5. Клучни јаки страни
6. Слабости
7. Приоритети за идниот период
8. Подрачје 1: Наставни планови и програми
9. Подрачје 2: Постигања на учениците
10. Подрачје 3: Учење и настава
11. Подраче 4: Поддршка на учениците
12. Подрачје 5: Училишна клима
13. Подрачје 6: Ресурси
14. Подрачје 7: Управување, раководење и креирање политика
15. Прилози - Инструменти

# ВОВЕД

Еден од начините за проценување и мерење на квалитетот на работата на училиштето член 128 од Законот за основно образование на Република Северна Македонија (Сл. весник 161 од 05.08.2019 година ) е самоевалуација на работата на училиштето. Согласно член 129 став 1 од Законот за основно образование на Република Северна Македонија нашето училиште на секои две години врши проценка на квалитетот на работа по сите седум релевантни подрачја кои го опфаќаат целокупниот воспитно – образовен процес, но и самото училиште како институција. Резултатите кои произлегуваат од анализите од спроведеното истражување ќе ни бидат водилка за натамошна работа т.е. ќе бидат земени во предвид при изработка на Годишната програма за работа на училиштето, како и Планот за развој на училиштето, согласно член 129 став 5 од Законот за основно образование на Република Северна Македонија.

Согласно одредбите од член 129 став 2 од Законот за основно образование Училишниот одбор на ООУ „Д-р Трифун Пановски“ по предлог на директорот на својата седница одржана на 30.01.2023 година донесе Одлука за формирање на училишна комисија бр. 02-34/3 во состав:

1. Бистра Костовска
2. Мери Атанасовска
3. Милена Дестановиќ
4. Теодора Трифуновска
5. Миле Пајаковски

Врз основа на член 147 став 5 од Законот за основно образование, комисијата го изготви следниот

# *И З В Е Ш Т А Ј*

за извршена самоевалуација на ООУ „Д-р Трифун Пановски“ - Битола

**мај 2023**

Тимовите од наставници при ООУ „Д-р Трифун Пановски“ – Битола, под раководство на директорот и комисијата, согласно законските процедури на крајот од учебната 2022/2023 година изврши самоевалуација на работењето на училиштето во текот на претходните две учебни години. Целта на самоевалуацијата беше преку истражувачка работа на тимовите да се согледа реалната состојба во целокупното работење на училиштето како воспитно-образовна институција, да се утврдат слабите и јаки страни на работењето на училиштето, а врз основа на нив да се дефинираат приоритетите.

Самоевалуацијата посебно ги опфати особено следниве подрачја:

1. Наставни планови и програми
2. Постигања на учениците
3. Учење и настава
4. Поддршка на учениците
5. Училишна клима
6. Ресурси
7. Управување, раководење и креирање политика

Во контекст на истражувачката работа, најпрвин тимовите изработија акциски планови, ја дефинираа популацијата и определија репрезентативен примерок. Ги определија истражувачките методи и изработија инструменти. Од инструментите употребија анкетни листови за

наставници, ученици, родители, чек листи за анализа на содржина, протоколи за интервју и др. Откако ги прибраа и средија податоците, истите ги обработија, врз што донесоа заклучоци, од каде произлегоа слабите и јаките страни на работењето на училиштето. Врз оваа база на податоци ги утврдија и приоритетите за работа.

**Лична карта на училиштето**

ООУ „Д-р Трифун Пановски“ – Битола е сместено во централно градско подрачје, што може а се каже дека има поволна местоположба во градот. Неговата локација е помеѓу улиците Охридска, Вангел Мајорот и Булевар Први Мај. Адресата на училиштето е Охридска бр.50. Основано е од Секретаријатот за општествени дејности со верификационен акт бр. 13- 2140 од 1986 година. Основната дејност на училиштето е основно образование и воспитание на ученици од 6 до 16 годишна возраст.

Училиштето го сочинува еден објект со два краци. Едниот крак е стар дел изграден во 1932 година, а другиот крак е изграден 1956 година Училиштето започнува да работи во далечаната 1932 година со стариот дел. Објектот е цврста градба од траен карактер со површина од 1420,98 м2. Училишниот двор има површина од 3088м2, а спортските терени и игралишта имаат површина од 1600 м2. Загревањето на објектот се врши со парно греење кое како извор на енергија користи нафта. Училиштето има ПВЦ дограма.

| **Име на училиштето** | **О.У. „Д-р Трифун Пановски”** |
|---|---|
| **Адреса, општина, место** | Ул. „Охридска” бр. 50, Битола – Битола |
| **Директор** | Лилјана Николовска |
| **Телефон** | 047 231-420 |
| **Факс** | 047 231-420 |
| **Е-маил** | trifunpanovski@yahoo.com |

| | |
|---|---|
| **Основано од** | Секретаријат за Општествени Дејности – Битола |
| **Верификација – број на актот** | 13-2140 |
| **Година на верификација** | 1986 |
| **Јазик на кој се изведува наставата** | Македонски |
| **Година на изградба** | Стар објект – 1932 година<br>Нов објект – 1956 година |
| **Тип на градба** | Цврста градба од траен карактер |
| **Површина на објектот** | 1 420,98 $m^2$ |
| **Површина на училишниот двор** | 3 088 $m^2$ |
| **Површина на спортските терени и игралишта** | 1 600 $m^2$ |
| **Училиштето работи во смена** | Учениците од одделенската настава – наставата ја следат во две смени, а додека учениците од предметна настава – наставата ја следат само во претпладневна смена.<br>Во учебната 2022-2023 год. во училиштето се реализира настава со физичко присуство. |
| **Начин на загревање на училиштето** | Загревањето на објектот се врши со парно греење, кое како извор на топлина користи нафта |
| **Број на одделенија** | Вкупно се 9 (девет) одделенија од деветгодишно образование |
| **Број на паралелки** | 22 (дваесет и две) |
| **Број на смени** | Две смени (претпладневна и попладневна) |
| **Статус на еко-училиште (зелено знаме, сребрено или бронзено ниво)** | Еко-училиште – Зелено знаме |

| | |
|---|---|
| **Датум на добиен статус** | 24.04.2015 година |

**Во состав на училиштето има три подрачни училишта.**

Подрачното училште во с. Трново располага со училишна зграда од со површина од 102,00 м$^2$ и училишниот двор со површина од 600,00 м$^2$. Загревањето на објектот се врши со парно греење кое како извор на енергија користи дрва.

Подрачното училиште во с. Братиндол располага со училишна зграда со површина од 96,00 м$^2$ во и  училишниот двор со површина од 360,00 м$^2$. Училиштето е целосно реновирано во учебната 2013/2014 година. Загревањето се врши со огревно дрво.

Подрачното училиште во с. Дихово е дислоцирано во целосно реновирани простории во месната заедница на селото. Училиштето располага со две училници со површина од 53,60 м$^2$. Загревањето се врши со огревно дрво.

*Мапа на централното училиште*

**Основа на приземјето на ООУ „Д-р Трифун Пановски” – Битола**




**Основа на првиот кат на ООУ „Д-р Трифун Пановски” – Битола**




**Основа на подрумски простории на ООУ „Д-р Трифун Пановски” – Битола**




**Местополжба**



*Ученици*

| **Одделение** | **Број на паралелки** | **Број на ученици** | **Етничка и полова структура на учениците** | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Македонци** | | **Албанци** | | **Турци** | | **Роми** | | **Други** | |
| | | | **М** | **Ж** | **М** | **Ж** | **М** | **Ж** | **М** | **Ж** | **М** | **Ж** |
| I | 2 | 37 | 16 | 13 | 3 | 1 | 1 | / | 3 | / | / | / |
| II | 2 | 37 | 15 | 17 | 3 | 2 | / | / | 2 | / | / | / |
| III | 2 | 35 | 18 | 12 | / | 1 | / | 1 | 2 | 2 | / | / |
| IV | 2 | 26 | 14 | 10 | / | / | / | 1 | / | 1 | / | / |
| V | 2 | 42 | 13 | 21 | 1 | / | 2 | / | 2 | 2 | / | 1 |
| I-V | 10 | 177 | 76 | 73 | 7 | 4 | 3 | 2 | 9 | 5 | / | 1 |
| VI | 2 | 31 | 14 | 14 | 1 | / | 1 | / | 1 | / | / | / |
| VII | 2 | 29 | 10 | 15 | / | / | 1 | 1 | 1 | 1 | / | / |
| VIII | 2 | 37 | 23 | 10 | / | 1 | 2 | / | / | / | 1 | / |
| IX | 2 | 35 | 10 | 16 | 2 | 2 | 1 | / | 3 | 1 | / | / |
| VI-IX | 8 | 132 | 57 | 55 | 3 | 3 | 5 | 1 | 5 | 2 | 1 | / |
| I-IX | 18 | 310 | 133 | 128 | 10 | 7 | 8 | 3 | 14 | 7 | / | / |

Подрачно училиште – с. Дихово

| **Одделение** | **Број на паралелки** | **Број на ученици** | **Етничка и родова структура на ученици** | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Македонци** | | **Албанци** | | **Турци** | | **Роми** | | **Други** | |
| | | | **М** | **Ж** | **М** | **Ж** | **М** | **Ж** | **М** | **Ж** | **М** | **Ж** |
| **I** | 2 комбинирани | 2 | 2 | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **II** | | 1 | / | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **III** | | 1 | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **IV** | | 2 | / | 2 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **V** | | 1 | / | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **I-V** | 2 комбинирани | 7 | 3 | 4 | / | / | / | / | / | / | / | / |

Подрачно Училиште – с. Трново

| Одделение | Број на паралелки | Број на ученици | Етничка и родова структура на ученици | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Други | |
| | | | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж |
| **I** | 1-на комбинирана | 1 | / | / | 1 | / | / | / | / | / | / | / |
| **II** | | 5 | 1 | 1 | 2 | 1 | / | / | / | / | / | / |
| **III** | | 4 | 1 | 1 | 2 | / | / | / | / | / | / | / |
| **IV** | | 1 | / | / | 1 | / | / | / | / | / | / | / |
| **V** | | 1 | / | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **I-V** | 1-на комбинирана | 12 | 2 | 3 | 6 | 1 | / | / | / | / | / | / |

Подрачно Училиште – с. Братиндол

| Одделение | Број на паралелки | Број на ученици | Етничка и родова структура на ученици | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Други | |
| | | | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж |
| I | 1-на комбинирана | 3 | 2 | / | 1 | / | / | / | / | / | / | / |
| II | | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| III | | 2 | 2 | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| IV | | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| V | | 1 | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / | / |

| Одделение | Вкупно | Етничка и полова структура на учениците | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Други | |
| | | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж |
| Број на вработени | 55 | 12 | 41 | / | 1 | / | / | / | / | / | / |
| Број на наставен кадар | 38 | 8 | 30 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Број на стручни соработници | 3 | / | 3 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Административни соработници | 3 | 2 | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Техничка служба | 10 | 2 | 7 | / | 1 | / | / | / | / | / | / |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Директор | 1 | / | 1 | / | / | / | / | / | / | / |

*Наставен кадар*

Степен на образование на вработените

| Образование | Број на вработени |
|---|---|
| Високо образование | 41 |
| Виша стручна спрема | 1 |
| Средно образование | 3 |
| Основно образование | 9 |

Старосна структура на вработените

| Години | Број на вработени |
|---|---|
| 20-30 | 4 |
| 31-40 | 19 |
| 41-50 | 14 |
| 51-64 | 18 |

**Мисија на училиштето**

***Училиште во кое се промовира поддршка на имплементација на инклузивноста, почитување на разликите, рамноправност за сите, негување на безбедна, позитивна и стимулативна средина за учење, каде се сите подеднакво вклучени и стекнуваат компетенции за понатамошно потврдување и унапредување.***

**Визија на училиштето**

***Современ модел на училиште кое се стреми кон квалитетна инклузија, промовирање на критичкото и креативно мислење во целокупниот ВОП, соработка на локално и глобално ниво, активно ученичко учество и доживотно учење.***

**Мото на училиштето**

***Вратата на иднината најлесно ќе си ја отвориш преку знаењето.***

**Распоред на наставниците по подрачја за работа врз самоевалуацијата на училиштето – мај 2023**

| ПОДРАЧЈЕ 1 | ПОДРАЧЈЕ 2 | ПОДРАЧЈЕ 3 | ПОДРАЧЈЕ 4 | ПОДРАЧЈЕ 5 | ПОДРАЧЈЕ 6 | ПОДРАЧЈЕ 7 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Наставни планови и програми** | **Постигања на учениците** | **Учење и настава** | **Поддршка на учениците** | **Училишна клима** | **Ресурси** | **Управување, раководење и креирање политика** |
| координатор | координатор | координатор | координатор | координатор | координатор | координатор |
| **Цветанка Љамчевска** | **Теодора Трифуновска** | **Ленче Илиевска** | **Милена Дестановиќ** | **Михајло Христовски** | **Васка Белокозовска** | **Елизабета Вељановска** |
| Тања Николовска | Јасмина Стојановска | Моника Кузевска | Мери Атанасовска | Слободан Ристевски | Мирјана Пачовска | Ирена Николовска |
| Робертина П.Герасовска | Лидија Чавдаровска | Гордана Станојевска | Гордана Котевски | Стефан Апостоловски | Марија Цветановска | Катерина Стојчевска |
| Валентина Стефановски | Николина Врцовска | Елизабета Лавуровска | | | Весна Талевска | |
| | | | | | | |
| Координатор на тимското работење: **Теодора Трифуновска** | | | | | | |

**Анализа од извршената самоевалуација на училиштето**

# ПОДРАЧЈЕ 1: НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

***Наставни планови и програми –***

- Наставните планови и програми се реализираат во целост и истите се во согласност со донесените програмски документи од МОН. Во нашето училиште постојат технички можности за наставниците сами да ги адаптираат планот и програмата за наставниот предмет кој го предаваат. Врз основа на наставните планови и програми, наставниците пред почетокот на секоја учебна година изработуваат годишни и тематски планирања по сите наставни предмети и воннаставни активности.
- Реализацијата на наставните планови програми обезбедува постигање на целите од националните стандарди и концепциите за основно образование.
- Наставниците редовно ги информираат родителите, учениците и другите заинтересирани субјекти за целите/стандардите на НПП. Секоја учебна година на првиот состанок на Совет на родители, родителите се запознаваат со наставните планови и програми и критериумите и стандардите за оценување. Потоа се прави план како и сите родители да се запознаат со промените на наставните планови и програми и начинот на оценување. Најчесто тоа се прави на првиот родителски состанок кога одделенските раководители ги запознаваат родителите со промените во наставните планови и критериумите и стандардите за оценување.
- Наставниците во своите годишни планирања предвидуваат на првиот час да ги запознаат учениците со наставните планови и програми, содржините што ќе ги изучуваат, како и временската рамка и условите во кои програмата ќе биде реализирана. Нашето училиште е вклучено во програмата Инклузивно образование за ранлива група деца во организација на БРО, МОН, УНИЦЕФ и МЦГО, како резултат на што наставниците следеа низа обуки подобрувајќи ги сопствените компетенции за работа со овие деца, но и за изготвување на индивидуални образовни програми (ИОП). Со сите ученици со посебни образовни потреби се работи според ИОП и за нив постои инклузивен тим на детето.
- Училиштето нуди можност за избор од повеќе изборни предмети. Во текот на месец мај на учениците од VI до IX одделение им се нуди избор на изборни предмети што ќе ги изучуваат во текот на следната учебна година. Изборот на понудени предмети на учениците од VII

до IX одделение е во согласност со барањата на БРО (понудениот предмет да не бил изучуван од страна на учениците во текот на претходните учебни години).

- Се реализираат слободни ученички активности според интересите и желбите на учениците од разни области. Во нашето училиште се спроведуваат активности за меѓуетничка интеграција во образованието во согласност со спроведените обуки од МИО.
- Училиштето се вклучува во активности на локалната самоуправа.
- Се организираат вонnаставни активности со учество на голем број ученици. Воннаставните активности се организираат за учениците кои сакаат да учествуваат во нив во согласност со сопствените желби и афинитети. Учениците не се ограничени во учеството, ниту пак се случува било каква дискриминација при запишувањето во некоја воннаставна активност. Скоро секоја реализирана воннаставна активност е поставена на блогот на училиштето со што се прави афирмација на учениците кои се вклучени во неа, претставувајќи мотивација и за останатите ученици, но се прави и афирмација на училиштето во целост. Според член 40 алинеја 4 од Законот за основно образование е потребата за постоење на продолжен дневен престој и потребата на родителите кои што поради своите работни обврски се заинтересирани своите деца да ги згрижуваат во рамките на училиштето со оваа воспитно- образовна форма на работа се реализира Проширена програма за учениците. Заради потребата на родителите во училиштето во учебната 2022/23год. работи Продолжен престој.

***Постигања и поддршка на учениците***

- Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според разни критериуми, за сите квалификациони

периодии презема активности за нивно подобрување.

- Училиштето промовира уверување дека постигањата на сите ученици може да се подобрат. Врз основа на увидот в актуелните постигања на учениците, училиштето планира и презема конкретни активности за континуирано подобрување на постигањата на учениците.
- Училиштето има систем за идентификување и поддршка на учениците кои имаат тешкотии во учењето, надарените ученици како и на учениците со пречки во развојот и континуирано го следи нивниот напредок.
- Наставниците обезбедуваат поддршка  на учениците  кои имаат тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со пречки во развојот, избирајќи активности соодветни на нивните можности и потреби. Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за учениците кои имаат тешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат интерес и постигаат значителни резултати во одделни области, како и индивидуализирана настава.
- Училиштето доследно ја спроведува пропишаната политика за следење на хоризонталното и вертикалното движење на учениците. Училиштето  за  средно образование им овозможува на учениците премин  од еден во друг образовен  профил  од иста или сродна струка и продолжување на образованието на повисоко ниво.
- Училиштето има развиен систем и организира заеднички активности (наставни и вонннаставни) со ученици од мешан состав во рамките на училиштето .Училиштето бележи постојан раст на бројот на вклучени ученици од мешан етнички состав во заедничките активности.За постигањата на учениците  редовно се известуваат родителите преку  родителски средби и  давање  на евидентни листови  за успех и поведение на ученикот.
- Учениците редовно учествуваа на бројни конкурси и натпревари организирани од страна на училиштето и од друштва/асоцијации на наставници по соодветните предмети.  На натпреварите нашите ученици постигнуваат солидни резултати, за што сведочат наградите, дипломите, пофалниците и признанијата. За учеството на разни натпревари и освоени награди се води комплетна евиденција. Подобрувањето на постигањата на ученици се врши преку организирање и реализирање на редовна, додатна и дополнителна настава. Училиштето ја практикува инклузивноста и ги вклучува децата со потешкотии во учењето во секојдневните свои активности. Со талентираните ученици се работи преку моделот за организирање на додатна настава. За надарените и за сите заинтересирани за проширување и продлабочување на знаењата по одделни воспитно-образовни подрачја се организираат часови за додатна настав. Тоа е обврска на наставниците, која се исполнува редовно во текот на целата учебна година.
- Нашето училиште врши анкетирање на деветтоодделенците, со цел да ги открие желбите и интересите на учениците за понатамошно школување во

средните училишта.

Учениците редовно се информираат за своите права и обврски и сите активности кои се реализираат или се планираат во училиштето.

Во однос на редовноста на учениците, училиштето континуирано ги следи изостаноците, ги анализира причините за отсуство од настава.

Училишниот простор е безбеден за изведување на настава. Училиштето има изготвено Кодекс на однесување на наставниците и учениците кон кој е договорено сите да се придржуваат.

Одговорните и дежурни наставници се грижат за одржување на дисциплината и безбедноста на учениците за време на одморите.

Во училиштето постојат „ План и Програма за заштита и спасување при случај на елементарни непогоди“. Учениците од страна на наставниците редовно се информирани и обучувани како да се однесуваат во случај на опасност. Училиштето има громобранова инсталација.

Училиштето има политика за забрана на пушење, консумирање алкохол, дистрибуција и консумирање наркотични супстанции која подразбира дека во училиштето (училниците, канцелариите, тоалетите, училишниот двор) не се пуши, не се доаѓа во алкохолизирана состојба и не се консумира алкохол, и не се дистрибуираат и користат наркотични супстанции.

Во соработка со локалната заедница, МВР, невладините организации училиштето редовно спроведува работилници и предавања на тема спречување на користење на алкохол, дрога и други опојни супстанци.

На часот на одделенска заедница одделенскиот раководител според програмата за Образование за животни вештини реализира наставни содржини и работилници кои опфаќаат и теми од справување со конфликтите и насилничкото однесување.

Согласно Еко-програмата учениците реализираат активности за здрава храна со цел подигање на свеста за поголема грижа за своето здравје и заштита на непосредната околина од загадување.

За целосна интеграција на учениците од социјално загрозените семејства во наставните и воннаставните активности училиштето самоиницијативно одлучува да им помогне на овие деца, преку организирање бесплатни посети на театар, кино или културни манифестации.

Хигиената во училиштето е на високо ниво. Тоалетите за наставниците и учениците се чисти и дезинфицирани. Во 2023г се изврши реконструкција на тоалетите за учениците и наставниците, се реновираа дел од подовите во ходниците и кабинетите со средства од локалната самоуправа, се реновира тоалетот во с. Братиндол, кабинетот по Техничко образование, се набавија нагледни средства, нова влезна врата, нов инвентар столчиња и масички за прво одделение, смарт табла. Училиштето располага со правилник за работа на помошниот персонал, по кој се

постапува и дејствува во сферата на нивните задолженија и активности..

Дворот на училиштето е чист од секаков вид отпадоци и сите земјени површини се позеленети и редовно се одржуваат.

Во текот на учебната година се реализираат еколошки и работни акции за чистење на училишниот двор, садење цвеќиња и сл.

Грижата за здравјето на учениците во еден дел е испланирана во вонnаставното подрачје за грижа за здравјето на учениците. Во соработка со здравствените установи се вршат редовни систематски прегледи на учениците и редовна имунолошка заштита (вакцинација).

Предвидени се систематски прегледи за учениците од одредени возрасти, редовна имунизација и здравствени предавања.

Со учениците со полесни, па дури и со потешки здравствени проблеми, се работи на нивно целосно вклучување во наставно-образовниот процес.Во изборот на нивното понатамошно образование училиштето им помага на учениците, така што ги информира за мрежата на средните училишта. Стручната служба на училиштето редовно ги информира учениците за термините и условите за запишување во средно образование и им го презентира конкурсот за упис во средно образование За учениците со евентуални емоционални потешкотии се работи индивидуално или во група, се разговара со родителите, се запознаваат и одделенските раководители и останатите наставници, како и во некои случаеви, на дискретен начин во однесувањето кон нив се усмеруваат и останатите ученици. Училиштето соработува со здравствените установи, Центар за социјална работа, Полициска станица и други компетентни институции.

***Учење и настава***

- Постоење на пропишани приоди и утврдени процедури за планирање, поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот, стручна служба и тимот за професионален развој;
- Навремено изготвување годишни и тематски планирања соодветни со условите за работа во училиштето и потребите на учениците;
- Годишните и тематските планови како и оперативните планови за час (дневни подготовки) содржат јасни насоки што се очекува од учениците да научат, очекувани резултати/исходи од учењето и начинот на оценување на учениците;
- Целосно реализирање на изготвените годишни и глобални планирања;
- Размена на искуства во рамките на стручниот актив, со надворешни соработници-наставници од други училишта, советници од БРО во изработката на плановите за реализација на наставата;
- Реализирање интегрирана настава во училиштето;
- Распоредот на часови е изработен согласно наставниот план и почитувајќи го најдобриот интерес на детето;
- Користење разновидни наставни форми и методи соодветни на потребите на учениците и нивните стилови на учење;

- Наставниците се обучени за употреба на ИКТ и нови образовни технологии и истите ги применуваат во наставата;
- Задачите што се работат во училиште или дома се планирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите;
- Наставниците редовно ги споделуваат целите на наставата и очекуваните исходи од учењето со учениците и тие им се јасни на учениците;
- Наставници со учениците се однесуваат на начин што промовира прифаќање, почитување, помош, соработка, толеранција, разбирање и доверба;
- Училиштето има пропишано интерна процедура за следење на наставниот процес;
- Училиштето се доживува од страна на учениците и родителте како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење;
- Наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат;
- Училиштето го применува принципот на демократско учество на учениците;
- Учениците и наставниците заеднички работат на различни проекти во и надвор од училиштето;
- Навремено идентификување на образовните потреби на учениците, се почитуваат и задоволуваат;
- Користење различни ресурси и приоди за учење и настава преку кои се задоволуваат индивидуалните образовни потреби на учениците;
- Пропишани Стандарди и критериуми за оценување како и Правилник и Кодекс за оценување на учениците;
- Училиштето има дефинирана политика за следење, анализа и поддршка на оценувањето;
- Редовно известување за напредувањето на учениците.
- Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење.Трудовите на учениците се изложуваат на видни и соодветни места (во училницата и во училиштето),почитувајќи ги естетските норми
- Училиштето има свој Правилник за оценување на учениците и има изработено општи критериуми за оценување на учениците, како и критериуми за оценување на учениците со потешкотии во учењето.
- Учениците тековно добиваат информации за нивниот напредок .
- Во функција на транспарентноста е е-дневникот ,училишниот веб-портал на кој секој родител може лесно да пристапи, следејќи ги насоките од администраторите на е- дневникот при МОН и да биде информиран како за оценките и редовноста на своето дете, така и за актуелните настани во училиштето, писмените работи и други образовни активности.За таа цел беа ажурирани податоците на родителите на учениците.

***Училишна клима и односи во училиштето***

- Училиштето се наоѓа на добро видлива и физичка локација. Училиштето е препознатливо по својот напор да го одржи високиот квалитет на работа и постигања на нашите ученици во сите области.
- Тоа обезбедува стручно усовршување на наставниот кадар.
- Условите за работа постојано се подобруваат.
- Угледот – имиџот се гради преку реализирање на квалитетна настава; организирање разновидни воннаставни активности, проекти и изложби, освојување многубројни награди на различни натпревари; промовирање на постигањата на учениците како и реализираните

активности преку: TV куќи (медиуми), веб страна на училиштето и на Општината, социјалните мрежи, соработка со локалната средина и институциите; постери и брошури за упис на првачиња.

- Учениците се чувствуваат безбедно и добредојдено во училишната зграда.

- Во изготвувањето на кодексот на училиштето учествуваат сите структури во училиштето.
- Педагошките мерки правилно се применуваат во случај на прекршување на принципите и правилата.
- Постои коректен однос и меѓусебна почит меѓу вработените.
- Наставниците и учениците учествуваат на разни манифестации за промовирање на постигањата на учениците.
- Наставниците ги почитуваат и постапуваат подеднакво кон сите ученици без разлика на нивната родова, етничка и верска припадност .
- Тие создаваат пријатна атмосфера на часот , им помагаат на учениците да се дружат, да си помагаат меѓу себе и го почитуваат мислењето на учениците при решавање на проблемите на паралелката.
- Постои добра соработка меѓу наставниците, стручните соработници, родителите и директорот.
- Наставниците континуирано ги следат, поддржуваат и стимулираат постигањата на учениците, им пружаат дополнителна помош и им помагаат да се дружат меѓу себе.
- Наставниците ги запознаваат и информираат учениците и родителите со нивните права и истите да ги практикуваат.
- Учениците независно на нивниот пол, етничка припадност, социјален статус како и оние со посебни потреби имаат поеднакви права и одговорности во училиштето.
- Во училиштето се организираат наставни и воннаставни активности меѓу културно/јазични мешани групи.
- Училиштето планира активности за да ги поттикне родителите и локалната заедница да се вклучат во наставниот процес.
- Наставниците/одд. раководители редовно се во контакт со родителите секогаш кога е потребно и редовно ги информираат за постигањата на учениците преку организирање на индивидуални родителски средби и приемни денови. Ваквиот начин на работа придонесува да се постигнат високи образовни резултати во областа на наставните и воннаставните активности, со што се зголемува угледот и имиџот на училиштето
- Директорот ги сослушува идеите, мислењата и сугестиите на учениците и родителите. Состаноците во училиштето се одвиваат на повеќе структури и нивоа и тоа одделенски. совет, наставнички совет, стручни активи, советување на родители (групно – индивидуално), родителски средби (групно – индивидуално). Директорот активно се стреми за создавање на позитивна училишна клима на меѓусебна доверба и почитување на учениците, наставниците, родителите и локалната заедница.
- Според записниците од одржаните состаноци и годишниот извештај на училиштето, се согледува дека ученичката заедница работи според однапред утврдена програма и учениците се навремено и целосно информирани и се вклучени во донесување на одлуки од нивен интерес. Ученичката заедница ги опфаќа учениците од VI-IX одделение. Раководното тело е избрано на демократски начин со јасни критериуми и тајно гласање. Со мнозинство на освоени гласови истото е активно во застапување на интересот на учениците.

- Доделувањето на пофалници за постигањата на учениците најчесто се врши на крај на учебна година. За патрониот празник на училиштето или за некој друг вид манифестација присуствуваат родители, претставници на локалната заедница, гости од други училишта, медиуми и сл. Учениците редовно учествуваат и имаат освоено награди на општински, регионални, државни натпревари. Постои и правилник за наградување на учениците. Некои од позначајните дипломи и признанија се истакнати на видни места во училиштето или училниците.

- Родителите се поттикнати активно да се вклучат во наставниот процес преку организирање на предавања на конкретна тема или посети на работното место на родителот, како и во вонннаставните активности. Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето. Училиштето е активно вклучено во животот на локалната заедница преку спроведување на заеднички проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата.

- Согласно законот за основно образование се одржува и советувања со родителите чии деца имаа повеќе слаби оцени, поголем број на неоправдани изостаноци како и нарушување на редот и дисциплината во училиштето. Задолжен за ова советување е психологот и педагогот. Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето, како што се целите, организацијата, идните активности и нивото на постигања на учениците се јасни, добро организирани и достапни на родителите.

***Ресурси -***

Во училиштето сите вработени се чувствуаат пријатно, а со тоа се постигнува пријатна работна атмосфера. Во училиштето може да се заклучи дека има голем број на простории кои се целосно искористени, исто така е опремено со: Реновирана спортска сала во 2020год во склопот на самото училиште. Реновирани ходници кои водат до спортската сала, соблекувални и помошна просторија за чување на спортски реквизити.

Во 2023г се изврши реконструкција на тоалетите за учениците и наставниците, се реновираа дел од подовите во ходниците и кабинетите со средства од локалната самоуправа, се реновира тоалетот во с. Братиндол, кабинетот по Техничко образование, се набавија нагледни средства, нова влезна врата, нов инвентар столчиња и масички за прво одделение, смарт табла.

- Просторните капацитети со кои располага училиштето (училници, училишен двор, игралиште...) максимално се користат за изведување на наставата и вонннаставните активности и ги задоволува условите за изведување на настава.
- Во училиштето се користат наставни средства, аудио визуелна опрема и ИКТ опрема (ЛЦД проектор, смарт табла) за реализација на квалитетна настава.
- Училиштето континуирано обезбедува фотокопирски услуги на наставниот кадар;
- Училиштето обезбедува стручно усовршување на наставниот кадар и нивниот професионален развој се одвива преку сите видови интерни и екстерни обуки, соработка и размена на искуства .
- Училиштето обезбедува поддршка и стручна помош на приправниците во училиштето.
- Во работата на наставниците и учениците се дава поддршка од стручните соработници (педагог, психолог и образовен

асистент).

- Во училиштето има проширена програма - продолжен престој и има опремено училница.
- Се организираат интерни семинари за наставниците за стручност во работата.
- Финансиските средства се вршат во согласност со реалните потреби на училиштето.
- Наставниците, стручните соработници, јавно и транспарентно се запознаени со финансиските активности и финансиската состојба на училиштето.

***Управување, раководење и креирање на политики –***

- Училишниот одбор е конституиран согласно законската регулатива и Статутот на училиштето. Неговите надлежности се јасно дефинирани со ЗОО, Статутот на училиштето и Деловникот за работа на УО.
- Училишниот одбор има донесено план за следење на активностите за меѓуетничка интеграција во образованието и граѓански активизам и квартално ги следи активностите.
- Училишниот одбор активно учествува во креирањето политики и води училишни политики во кои се афирмира инклузивноста на училиштето, меѓуетничката интеграција во образованието и граѓанскиот активизам.
- Вработените навремено се информирани за донесените одлуки во училиштето.
- Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето.
- Раководниот орган објективно го оценува работењето на вработените, го вреднува нивниот придонес во тимската работа и ја промовира добрата практика што постои во училиштето.
- Раководниот тим креира политика која ги задоволува воспитно-образовните потреби на училиштето.
- Промените во образовниот систем успешно ги имплементира во училиштето. Се фокусира на приоритетите идентификувани во развојното планирање, редовно се самоевалуира, а во центарот на своето работење ги става постигнувањата на учениците и подобрувањето на училиштето.
- Воспоставува продуктивни партнерства во непосредната и во пошироката заедница, вклучувајќи партнерства со други училишта за реализација на активности за меѓуетничка интеграција во образованието.
- Раководниот орган има компетенции за тимска работа и тоа го практикува при процесот на градење политики, планирање и

обезбедување квалитет.

- Комуникацијата на релација директор-наставници-стручни соработници-ученици-родители е на високо ниво.
- Целите на училиштето се во согласност со државната и локалната образовна политика, јасни и прецизни се и насочени кон подобрување на квалитетот на наставата и постигањата на учениците.
- Постојат добри меѓучовечки односи, што придонесува за подобар успех во воспитно-образовниот процес.
- Евентуалните проблеми со учениците ги решава раководниот тим, заедно со стручните соработници и наставниот кадар.
- Сите органи и тела во училиштето се добро координирани, што дава и добри резултати.
- Училиштето се вклучува во разни едукативни проекти и кадарот редовно стручно се усовршува.
- Училиштето посетува разни семинари поддржани од МОН, БРО и др. и организира интерни семинари.
- Воспоставени се критериуми и инструменти за вреднување и наградување на наставниците.
- Кодексот и правилата за однесување условно се почитуваат.
- Условите за работа се значително подобрени со повременото реконструирање на делови на централното и подрачните училиште.
  Мисијата и визијата на училиштето ја одразуваат државната и локалната образовна политика, прецизни се, јасни и фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата, поддршка на активностите за инклузија, меѓуетничка интеграција и граѓански активизам, професионален развој на наставниците и унапредување на постигањата на сите ученици.
- Вработените, родителите и учениците активно учествуваат во креирањето на мисијата и визијата. Вработените добро ги познаваат и разбираат мисијата и визијата, а останатите чинители се запознаени со истите.
- Навремено се планирани , донесени и реализирани протоколите за работа на училиштето со физичко присуство .
- Директорот како раководен орган во училиштето ја поттикнува, развива и следи работата во училиштето. Има професионален однос кон вработените, учениците и нивните родители. Успешно и продуктивно остварува партнерства со надлежните институции МОН, БРО, ДПИ, Локалната самоуправа. Тој се заложува за начелата на коректно однесување на сите човечки чинители во училиштето. Тој е отворен за разновидни инцијативи покренати од: воспитно образовниот кадар, учениците, родителите и локалната средина, а се во соглсност со законските прописи и сите други видови на планирања во училиштето.
- Советот на родители е составен од родители на ученици од I до IX одделение. Тој е активен учесник во креирање на политиката на училиштето.

Постои недоволна информираност на родителите за одредбите за дисциплинските мерки во училиштето.

- Во училиштето постои план за развој. Во него се опишани целите кои се јасни и во склад со мисијата, визијата и вредностите на училиштето.
- Во Годишната програма за работа на училиштето е дефинирано јасно јазичната и уписната политика на училиштето. Училиштето редовно изработува проекти со истите аплицира и со добиените средства врши подобрување и осовременување на инфраструктурата во училиштето имајќи ги во предвид зацртаните приоритети.

**Клучни јаки и слаби страни на училиштето**

**Наставни планови и програми –**
**Јаки страни**

- Наставните планови и програми се реализираат во целост и се во согласност со донесените програмски документи од МОН.
- Реализацијата на наставните планови програми обезбедува постигање на целите од националните стандарди и концепциите за основно образование.
- Наставниците редовно ги информираат родителите, учениците и другите заинтересирани субјекти за целите/стандардите на НПП.
- Со сите ученици со посебни образовни потреби се работи според ИОП и за нив постои инклузивен тим на детето.
- Училиштето нуди можност за избор од повеќе изборни предмети.
- Се реализираат слободни ученички активности според интересите и желбите на учениците од разни области.
- Училиштето се вклучува во активности на локалната самоуправа.
- Се организираат воннаставни активности со учество на голем број ученици.

**Слаби страни**

- Целосно искористување на просторните капацитети на училиштето за реализација и планирање на воннаставни активности предвидени со Законот за наставници и Концепцијата на воннаставните активности во основното образование (со поголемо учество на учениците во планирањата)

- Мало е учеството на учениците преку ученичката заедница во подготвувањето на програмите за работа и за избор на вонаставните активности
- Немање можности секој ученик да го изучува онај изборен предмет за кој искажал интерес

**Постигања и поддршка на учениците**

**Јаки страни**

- Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според пол и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за сите квалификациони периодии презема активности за нивно подобрување.
- Училиштето промовира уверување дека постигањата на сите ученици може да се подобрат. Врз основа на увидот во актуелните постигања на учениците, училиштето планира и презема конкретни активности за континуирано подобрување на постигањата на учениците.
- Училиштето има систем за идентификување и поддршка на учениците кои имаат тешкотии во учењето, надарените ученици, како и на учениците со пречки во развојот и континуирано го следи нивниот напредок.
- Наставниците обезбедуваат поддршка на учениците кои имаат тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со пречки во развојот, избирајќи активности соодветни на нивните можности и потреби. Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за учениците кои имаат тешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат интерес и постигаат значителни резултати во одделни области, како и индивидуализирана настава.

Училиштето доследно ја спроведува пропишаната политика за следење на хоризонталното и вертикалното движење на учениците. Училиштето за средно образование им овозможува на учениците премин од еден во друг образовен профил од иста или сродна струка и продолжување на образованието на повисоко ниво.

- Училиштето има развиен систем и организира заеднички активности (наставни и вонаставни) со ученици од мешан етнички состав во рамките на училиштето или во партнерство со училиште од друг наставен јазик. Училиштето бележи постојан раст на бројот на вклучени ученици од мешан етнички состав во заедничките активности.
- Во училиштето нема дискриминација по никаков основ;
- Училиштето навремено реагира во спречување на насилно однесување во училиштето;

Училиштето дава квалитетна поддршка на учениците кои се соочуваат со некаков тип на проблеми;

- Училиштето има добра соработка со локалните надлежни институции при давањето соодветна поддршка на учениците со социо-емоционални

проблеми.

**Слаби страни**

- Целосно искористување на просторните капацитети на училиштето за реализација и планирање на вонаставни активности предвидени со Законот за наставници и Концепцијата на вонаставните активности во основното образование (со поголемо учество на учениците во планирањата)
- Обезбедување дополнителни простории за реализирање додатна / дополнителна настава
- Збогатување на библиотеката со лектирни изданија, лексикони, енциклопедии и стручна литература за наставници
- Изградба на фискултурна сала

**Учење и настава –**
**Јаки страни**

- Наставните планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од Министерството за образование и наука и истите се реализираат во пропишаниот обем.
- Наставниците изготвуваат тематско процесно планирање и годишни планирања кои ги содржат сите неопходни елементи за успешна реализација на часот
- Наставниците користат наставни методи и форми на работа, соодветни на потребите на учениците и нивните стилови на учење.
- Во училиштето постои пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес.
- Позитивен и професионален однос од страна на наставниците кон учениците и родителите
- Подеднаков третман на сите ученици (не постои било каква дискриминација ).
- Во училиштето постои стимулативна и поттикнувачка средина, која буди интерес за учење.
- Веб страна на училиштето редовно се ажурира со нови податоци и информации.
- Афирмација на постигањата на учениците од наставните и вонаставните активности преку учество на натпревари на општинско, регионално и државно ниво.
- Транспарентност во оценувањето.

**Слаби страни**

- За изведување на квалитетна настава недостасуваат современи нагледни средства и опременост на училниците и кабинетите
- Реновирање на спортските терени наменети за одржување на часовите по ФЗО во централното училиште и подрачните училишта

- Нередовната достапност на интернет конекција во подрачните училишта при што наставниците се соочуваат со потешкотии во реализација на планираните содржини
- Наставниците и стручните соработници имааат дополнителна потреба од човечки и материјални ресурси за работа со ученици со посебни потреби (дефектолог,логопед, образовни асистенти)
- Недоволна мобилност и соработка на родителити чии деца покажуваат послаби резултати во учењето
- Недоволна вклученост и анимираност на родителите во вонннаставните активности

**Училишна клима-**

**Јаки страни**

- Постоење на пропишани приоди и утврдени процедури за планирање, поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот, стручна служба и тимот за професионален развој;
- Навремено изготвување годишни и тематски планирања соодветни со условите за работа во училиштето и потребите на учениците;
- Годишните и тематските планови како и оперативните планови за час (дневни подготовки) содржат јасни насоки што се очекува од учениците да научат, очекувани резултати/исходи од учењето и начинот на оценување на учениците;
- Целосно реализирање на изготвените годишни и глобални планирања;
- Размена на искуства во рамките на стручниот актив, со надворешни соработници-наставници од други училишта, советници од БРО во изработката на плановите за реализација на наставата;
- Реализирање интегрирана настава во училиштето;
- Распоредот на часови е изработен согласно наставниот план и почитувајќи го најдобриот интерес на детето;
- Користење разновидни наставни форми и методи соодветни на потребите на учениците и нивните стилови на учење;
- Наставниците се обучени за употреба на ИКТ и нови образовни технологии и истите ги применуваат во наставата;
- Задачите што се работат во училиште или дома се планирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите;
- Наставниците редовно ги споделуваат целите на наставата и очекуваните исходи од учењето со учениците и тие им се јасни на учениците;
- Наставници со учениците се однесуваат на начин што промовира прифаќање, почитување, помош, соработка, толеранција, разбирање и доверба;
- Училиштето има пропишано интерна процедура за следење на наставниот процес;
- Училиштето се доживува од страна на учениците и родителте како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење;
- Наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат;
- Училиштето го применува принципот на демократско учество на учениците;
- Учениците и наставниците заеднички работат на различни проекти во и надвор од училиштето;

- Навремено идентификување на образовните потреби на учениците, се почитуваат и задоволуваат;
- Користење различни ресурси и приоди за учење и настава преку кои се задоволуваат индивидуалните образовни потреби на учениците;
- Пропишани Стандарди и критериуми за оценување како и Правилник и Кодекс за оценување на учениците;
- Училиштето има дефинирана политика за следење, анализа и поддршка на оценувањето;
  Редовно известување за напредувањето на учениците.

**Слаби страни**

- Недоволна соработка од страна на родителите на учениците со послаб успех;
- Потешкотиите на кои наидуваат во редовната настава наставниците кои во паралелката имаат ученици со посебни потреби и пречки во развој;
- Информирањето на учениците од страна ученичката заедница;

**Ресурси –**

**Јаки страни**

- Просторните капацитети со кои располага училиштето (училници, училишен двор, игралиште...) максимално се користат за изведување на наставата и воннаставните активности
- Во училиштето се користат наставни средства, аудио визуелна опрема и ИКТ опрема (ЛЦД проектор, смарт табла) за реализација на квалитетна настава.
- Училиштето континуирано обезбедува фотокопирски услуги на наставниот кадар;
- Училиштето обезбедува стручно усовршување на наставниот кадар и нивниот професионален развој се одвива преку сите видови интерни и екстерни обуки, соработка и размена на искуства .
- Училиштето обезбедува поддршка и стручна помош на приправниците во училиштето.
- Во работата на наставниците и учениците се дава поддршка од стручните соработници (педагог, психолог и образовен асистент).
- Во училиштето има проширена програма - продолжен престој и има опремено училница
- Соработка со Советот на родители за поддршка за реализација на активностите предвидени во Годишната програма.
- Се организираат интерни семинари за наставниците за стручност во работата.

- Наставниците, стручните соработници, јавно и транспарентно се запознаени со финансиските активности и финансиската состојба на училиштето.

**Слаби страни**

- Изградба на спортска сала
- Реновирање на спортски терени
- Санација на кровот на училиштето
- Санација на олуци
- Санација на подови
- Менување на внатрешна дограма
- Обновување на училишниот инвентар
- Санација на фасада
- Санација на олуци
- Санација на кровот во ПУ с.Трново
- Санација на дограма во ПУ с.Трново
- Санација на котлара
- Санација на ограда

**Управување, раководење и креирање политика**
**Јаки страни**

- Јасно дефинирани цели и задачи на сите органи и тела вклучени во работата на училиштето.
- Транспарентност при работењето на Училишен одбор, директор, Совет на родители и Наставнички совет.
- Реализирање на планот и програмата на училиштето.
- Вклученост на наставниот кадар, родителите, учениците, локалната средина во постапките за креирање на училишната политика при што се почитуваат насоките дадени од МОН И БРО.
- Соработката со директорот е на високо ниво.

**Слаби страни**

- Недоволна информираност на родителите за одредбите за дисциплинските мерки во училиштето.
- Континуирано осовременување на инфраструктурата (училиштето го ревидира планот за подобрување и осовременување на инфраструктурата преку обезбедување сопствени финансиски средства во рамките на можностите, како и преку аплицирање преку проекти и добивање донации)

- Проширување на соработката со НВ сектор

| Приоритети за идниот период |
| --- |
| ***Наставни планови и програми*** |
| • Целосно искористување на просторните капацитети на училиштето за реализација и планирање на вonнаставни активности предвидени со Законот за наставници и Концепцијата на воннаставните активности во основното образование (со поголемо учество на учениците во планирањата)<br>• Мало е учеството на учениците преку ученичката заедница во подготвувањето на програмите за работа и за избор на воннаставните активности<br>• Немање можности секој ученик да го изучува онај изборен предмет за кој искажал интерес |
| ***Постигања на учениците*** |
| • Целосно искористување на просторните капацитети на училиштето за реализација и планирање на воннаставни активности предвидени со Законот за наставници и Концепцијата на воннаставните активности во основното образование (со поголемо учество на учениците во планирањета) |
| ***Поддршка на учениците*** |
| • Осовременување на училниците и кабинетите со современи нагледни средства и помагала<br>• Континуирана набавка на нагледни средства и обновување на компјутерската технологија. |

- Реновирње на спортските терени за одржување на часовите по ФЗО во централното училиште и подрачните училишта
- Изградба на спортска сала надвор од објектот на училиштето и нејзино опремување со спорстки реквизити и справи
- Професионално и стручно усовршување на наставниот кадар за користење и примена на нови, современи методи и форми на работа;
- Да се обезбедат човечки и материјални ресурси за работа со ученици со посебни потреби;
- Стабилна интернет конекција во подрачните училишта

***Учење и настава***

- За изведување на квалитетна настава недостасуваат современи нагледни средства и опременост на училниците и кабинетите
- Реновирање на спортските терени наменети за одржување на часовите по ФЗО во централното училиште и подрачните училишта
- Нередовната достапност на интернет конекција во подрачните училишта при што наставниците се соочуваат со потешкотии во реализација на планираните содржини
- Наставниците и стручните соработници имааат дополнителна потреба од човечки и материјални ресурси за работа со ученици со посебни потреби (дефектолог,логопед, образовни асистенти)
- Недоволна мобилност и соработка на родителити чии деца покажуваат послаби резултати во учењето
- Недоволна вклученост и анимираност на родителите во воннаставните активности

***Училишна клима***

- Недоволна соработка од страна на родителите на учениците со послаб успех;

| |
|---|
| • Потешкотиите на кои наидуваат во редовната настава наставниците кои во паралелката имаат ученици со посебни потреби и пречки во развој;<br>• Информирањето на учениците од страна ученичката заедница; |
| ***Ресурси*** |
| • Изградба на спортска сала<br>• Реновирање на спортски терени<br>• Санација на кровот на училиштето<br>• Санација на олуци<br>• Санација на подови<br>• Менување на внатрешна дограма<br>• Обновување на училишниот инвентар<br>• Санација на фасада<br>• Санација на олуци<br>• Санација на кровот во ПУ с.Трново<br>• Санација на дограма во ПУ с.Трново<br>• Санација на котлара<br>Санација на ограда |
| ***Управување, раководење и креирање политика*** |
| • Недоволна информираност на родителите за одредбите за дисциплинските мерки во училиштето.<br>• Континуирано осовременување на инфраструктурата (училиштето го ревидира планот за подобрување и осовременување на инфраструктурата преку обезбедување сопствени финансиски средства во рамките на можностите, како и преку аплицирање преку проекти и добивање донации)<br>• Проширување на соработката со НВ сектор |

**Комисија:**

1. Ленче Илиевска ____________________
2. Мери Атанасовска ____________________
3. Николина Врцовска ____________________

4. Теодора Трифуновска ____________________
5. Миле Пајаковски ______________________

**ВД ДИРЕКТОР**

------------------------------------------

Лилјана Николовска